# WABTEC - ПОЛИТИКА ЗА КОЛАЧИЊА

*На сила од 3 декември, 2018 г.*

Wabtec и нејзините придружни субјекти (заедно „**Wabtec**“) ја почитуваат индивидуалната приватност и ја ценат довербата на своите клиенти, деловни партнери и други. Wabtec е посветена на одржување на највисоките етички стандарди во нејзините деловни практики. Според тоа, Wabtec се придржува кон строгите правила во врска со собирање, користење и откривање на личните податоци, во согласност со законите на земјите во кои Wabtec врши деловни активности.

Оваа политика за колачиња („**политика**“) се однесува на оваа веб-страница или на која било веб-страница што содржи линк или повикување на оваа политика („**страница(и)**“) и во неа е опишано што се колачињата, какви видови колачиња се поставуваат на вашиот уред кога ја посетувате страницата и како ги користиме.

Оваа политика не ги опфаќа собирањето, користењето и откривањето на вашите лични податоци општо од Wabtec. За да дознаете повеќе за тоа како Wabtec ракува со вашите лични информации, ве молиме погледнете ја нашата **политика на приватност**.

**Што се колачиња?**

Колачиња се мали текстуални датотеки што се испраќаат до вашиот веб-пребарувач или тврдиот диск на вашиот компјутер, или тие им пристапуваат. Едно колаче вообичаено го содржи името на доменот (локација на Интернет) од каде потекнува колачето, „животниот век“ на колачето (т.е. кога истекува) и случајно создаден уникатен број или сличен идентификатор. Исто така, едно колаче може да содржи информации за вашиот компјутер, како што се кориснички поставки, историја на пребарување и активности спроведени додека ги користите нашите услуги.

**Зошто користиме колачиња**

Колачињата ни помагаат да ја подобриме страницата и вашето искуство на неа преку персонализирање на вашето искуство, помагајќи ни да ја анализираме употребата, техничката метрика и метриката на пребарување, како и да откриеме и спречиме измама.

**Различни видови колачиња што ги користиме**

*Колачиња на прво лице и на трети лица*

Колачињате на прво лице и колачињата на трети лица се различни видови колачиња:

- Колачињата на прво лице се поставуваат на вашиот уред директно од страна на Wabtec. На пример, ние користиме колачиња на прво лице за да ја прилагодиме страницата на вашиот уред или преференците за јазикот за да обезбедиме користење на страницата.

- Колачињата на трети лица се поставуваат на вашиот уред од страна на нашите деловни партнери и даватели на услуги како трети лица. На пример, ние користиме колачиња на трети лица за да ја анализираме публиката на нашата страница.
  *Сесиски и постојани колачиња*

  Сесиските колачиња и постојаните колачиња се исто така различни видови колачиња.

- Сесиските колачиња траат само од моментот кога ќе бидат поставени на вашиот пребарувач па сè до моментот кога ќе го затворите пребарувачот. Користиме сесиски колачиња за најразлични цели, вклучувајќи и за да дознаеме повеќе за вашата употреба на нашата страница за време на една сесија на пребарувачот и да ви помогнеме поефикасно да ја користите нашата страница.
- Постојаните колачиња имаат подолг животен век и не се бришат автоматски кога ќе го затворите вашиот веб-пребарувач. Овие видови колачиња првенствено се користат за аналитички цели.

**Како ги користиме колачињата**

Ние користиме колачиња за да ја обезбедиме, осигуриме и подобриме страницата, вклучувајќи и преку персонализирање на вашето искуство и можноста да ве препознаеме кога ја посетувате страницата.

За овие цели, ние исто така може да ги поврземе информациите од колачињата со други лични податоци што ги имаме за вас. Кога ја посетувате страницата, колачињата може да бидат поставени на вашиот уред. Колачињата, како и сите технологии, можат брзо да се заменат со посигурни и поперформансни колачиња. За да дознаете за собраните колачиња, кликнете на копчето Опции во банерот за колачиња што се наоѓа на горниот дел од веб-страницата, а потоа изберете „Дознајте повеќе и изберете за другите информации што ги собираме“.

**Вашите избори во врска со колачињата**

Може да ги изберете во врска со колачињата, користејќи неколку опции. Ве молиме имајте предвид дека промените што ги правите на вашите преференци за колачиња можат да спречат целата страница или дел од нашата страница да функционира како што е предвидено.

*Алатки во рамките на оваа политика за колачиња*

Можете да ги поставите и менувате параметрите на колачињата во кое било време кога влегувате во веб-страницата **преку избирање на банерот со алатки за согласност за колачиња, кој се наоѓа на горниот дел од страницата**. Можете да ги изберете соодветните линкови за деселектирање на избор дадени во оваа политика за колачиња. Доколку веќе сте ја прифатиле политиката, но сакате да ја повлечете својата согласност, изберете го линкот „Преференци за реклами“ во долниот десен дел на вашата веб-страница, а потоа изберете го копчето „Повлечи согласност“.

*Контроли на пребарувачот и уредите*

Повеќето веб-прбарувачи овозможуваат поставки што им дозволуваат на корисниците да ги контролираат или отфрлаат колачињата, или да ги алармираат корисниците кога колаче е поставено на нивниот компјутер. Постапката за управување со колачиња е во мала мера различна за секој интернет-пребарувач, па затоа ве молиме да ги проверите специфичните чекори во менито „*Помош*“ на вашиот веб-пребарувач. Бидејќи колачињата се посебни за секој пребарувач, можеби ќе треба да управувате со преференците за колачиња во сите веб-пребарувачи што ги користите.

Можеби ќе можете да ги отфрлите идентификаторите на уредот со активирање на соодветната поставка на вашиот мобилен уред, како што е достапно. Постапката за управување со идентификаторите на уредот е во мал мера различна за секој уред, па затоа ве молиме да ги проверите специфичните чекори во документацијата што се однесува на уредот што го користите.

**Колачиња на Google™**

Ние користиме Google Analytics, што е услуга на Google која користи колачиња и други технологии за собирање податоци за да собира информации за вашата употреба на страницата и услугите со цел да известува за трендовите на веб-страницата.

Можете да го деселектирате вашиот избор на Google Analytics со посетување на www.google.com/settings/ads или со преземање на додатокот на пребарувачот за деселектирање избор на Google Analytics наhttps://tools.google.com/dlpage/gaoptout.

**Ажурирања на оваа политика**

Го задржуваме правото да ја ажурираме оваа политика за колачиња од време на време со цел да ги одразиме промените на нашите страници или да ги почитуваме промените во нашите законски и/или регулаторни обврски. Ревидираната верзија ќе ја објавиме на страницата, со ажуриран датум на ревизија. Доколку продолжите да ја користите нашата страница триесет дена откако ваквите ревизии ќе стапат на сила, ќе се смета дека прифаќате и се согласувате со ревизиите и ќе се придржувате до нив.

**КОНТАКТ**

Ако имате какви било прашања или сакате да се информирате за практиките за колачињата на Wabtec и оваа политика, ве молиме контактирајте со нас на:

**Wabtec Corporation**
Attn: Privacy Officer
Адреса: 1001 Air Brake Avenue
Wilmerding, PA 15148 - USA
Телефон: +1 412-825-1000
Е-пошта: privacy@wabtec.com